Се дава согласност на Годишен План за вработување на ОЈУСЗСЛ “д-р Иван Влашки” Берово за 2026 година,

архивски број 0403-345/1 со датум на подготовка 05.06.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2729/1 Совет на Општина Берово
15.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

************************

Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица Д-Р ИВАН ВЛАШКИ
БР. 0403-345/1
05.06.2025 год.
Берово

**Прилог бр.1**

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2026 ГОД.**

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ: | 0403-345/1 од 05.06.2025 |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | ОЈУСЗСЛ д-р Иван Влашки - Берово |
| ЗА ГОДИНА: | 2026 |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 7071507 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4001015504618 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 05.06.2025 |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил: (го потпишува на датумот на подготовка) | Надица Чичаковска Алаѓозовска | |
| Одобрил: (го потпишува на датумот на подготовка) | Живка Бојчовска Каламадевска | |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:** (го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | Живка Бојчовска Каламадевска | |

**ДЕЛ 1. ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА**

***Табела 1.** Моментална состојба со број на вработени лица во институцијата*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени Службени лица | Даватели на Услуги (носители на дејност | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број вработени во институцијата (на датумот на пополнување на годишниот план) | 42 | 0 | | 35 | 7 |

**ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА**

***Табела 1.** Планирано пополнување на работни места преку (пре)распоредување на вработените во институцијата на исто ниво (хоризонтална мобилност)*

| | | |
|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на празни/непополнети работни места преку распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | **НЕ** |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на непополнети работни места кои планирате да ги пополните преку распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку (пре)распоредување: | | |

| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |

***Табела 2.** Планирано пополнување на работни места преку унапредување во следната година***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговорите со ДА, наведете го вкупниот број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас: | | | | |
| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

---

** **Во Делот 2 Табелите 1 и 2 институциите ги пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнување***

**ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНО НАМАЛУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА**

**Табела 1.** *Планирано заминување на вработени од институцијата по основ на пензионирање*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дали се планирани пензионирања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година?*(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговорите со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе се пензионираат: *(наведете број на лица кои навршуваат 64 години)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по основ на пензионирање: | | | | |
| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Основ на заминување-пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

***Табела 2.** Планирано заминување на вработени од институцијата по други основи***

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дали се планирани заминувања на вработени од вашата институција по други основи заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговорите со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе заминат од институцијата: *(планираниот број)* | | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по други основи: | | | | | |
| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Друг основ на заминување: (наведете ја причината/основот за престанок на работниот однос) | датум на престанок на работниот однос | |
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

**Табела 3.** *Вкупен број на вработени кои се планира да заминат од институцијата (пензионирање и други основи) во следната година*

---

** **Во Делот 3 Табелата 2 институциите ја пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето***

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Пом ошно технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани заминувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | | | | | |

**ДЕЛ 4. ПЛАНИРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА (НОВИ ВРАБОТУВАЊА)**

***Табела 1.*** *Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на неопределено време (трајно) на јавен оглас*

| Дали имате потреба од нови вработувања на неопределено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на неопределено време: *(наведете број)* | | | | | 4 |
| Наведете ги работните места за кои планирате да бидат пополнети со нови вработувања на неопределено време: | | | | | |
| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Наведете колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година (наведете во денари) | |
| 1. | Хигиеничар CO30401A03004 | Оддел за административни, финансиско – сметководствени, помошно – технички работи и управување со човечки ресурси | Зголемен обем на работа | 432.444,00 | |
| 2. | Возач CO30403A01001 | Оддел за административни, финансиско – сметководствени, помошно – технички работи и управување со човечки ресурси | Зголемен обем на работа | 432.444,00 | |
| 3. | Домаќин CO30401Б01002 | Оддел за административни, финансиско – сметководствени, помошно – технички работи и управување со човечки ресурси | Поради смрт на вработен | 432.444,00 | |
| 4. | Геронто домаќин CO30303Б03004 | Оддел за сместување,нега,исхрана и здравствена заштита на корисниците | Зголемен обем на работа | 432.444,00 | |
| 5. | | | | | |

***Табела 2.*** *Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на определено време (времени вработувања)*

| Дали имате потреба од нови вработувања на определено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на определено време: *(наведете број)* | | | | | | |
| Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања на определено време: | | | | | | |
| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Број на месеци во следната година за кои се планира да се исплаќа плата на новиот вработен. (наведете број) | Износ на буџет потребен за плата на новиот вработен во следната година. (наведете во денари) | |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |

***Табела 4.*** *Вкупен број на планирани нови вработувања (неопределено време, определено време и преземања од други институции) во институцијата во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирани нови вработувања во следната година (заклучно со 31 декември следната година) | 4 | | | 1 | 3 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за недавање на согласност на Измена на Годишен План за вработување на ОЈУСЗСЛ “д-р Иван Влашки” Берово за 2025 година

Се објавува О Д Л У К А за недавање на согласност на Измена на Годишен План за вработување на ОЈУСЗСЛ "д-р Иван Влашки" Берово за 2025 година со Бр.09-2730/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 15.07.2025 година.

Бр.08-2778/11 ОПШТИНА БЕРОВО
16.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 и "Слубен Весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 20-б став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Берово на 64-тата седница одржана на ден 15.07.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за недавање на согласност на Измена на Годишен План за вработување на ОЈУСЗСЛ "д-р Иван Влашки" Берово за 2025 година

Член 1
Не се дава согласност на Измена на Годишен План за вработување на ОЈУСЗСЛ "д-р Иван Влашки" Берово за 2025 година, со архивски број 0403-344/1 со датум на подготовка 05.06.2025 година.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2730/1 Совет на Општина Берово
15.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

***********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

**О Д Л У К А**
**ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Се објавува **О Д Л У К А ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА** со Бр.09-2731/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 15.07.2025 година.

Бр.08-2778/12 ОПШТИНА БЕРОВО
16.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и “Службен Весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23) и Мислењето на Градоначалникот на Општина Берово со бр. Бр.09-2370/2 од 04.07.2025 година, Советот на Општина Берово на 64-тата седница, одржана на ден 15.07.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Член 1
Не се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС) поднесен од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип Бр.08-662/1 од 05.06.2025 година, утврден со Одлука за утврдување на предлогот за воспоствување на меѓуопштинска соработка Бр.26-664/9 од 12.06.2025 година, донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, за вршење на работи од надлежност на градежната инспекција од страна на овластен градежен инспектор, вработен во Општина Берово, за потребите и за сметка на Општина Пробиштип.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2731/1 Совет на Општина Берово
15.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

**********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Дополнувања на
П Р О Г Р А М А
за Уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2025 година

Се објавува Дополнувања на П Р О Г Р А М А за Уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2025 година со Бр.09-2732/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 15.07.2025 година.

Бр.08-2778/13 ОПШТИНА БЕРОВО
16.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен

Весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и “Службен Весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 64-тата Седница на Совет одржана на 15.07.2025 год. донесе:

Дополнувања на
ПРОГРАМА
за Уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2025 година

Член 1

Се врши дополнување на програмата за Уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2025 година, со бр. 09-3954/1 од 28.11.2024 година.

Член 2

После подточката 3.11 се додава нова подточка 3.12 која гласи **„Ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 –домување во куќи на територијата на општина Берово за 2025 год “**

Член 3

Останатите одредби од програмата за Уредување на градежно земјиште на Општина Берово за 2025година, донесени од Советот на Општина Берово останувaат исти.

Член 4

Ова дополнување влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово„ .

Бр.09-2732/1 Совет на Општина Берово
15.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

**********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

ЗАКЛУЧОК
за објавување на
ОДЛУКА
за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи
на територијата на општина Берово за 2025 година

Се објавува ОДЛУКА за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи на територијата на општина Берово за 2025 година со Бр.09-2733/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 15.07.2025 година.

Бр.08-2778/14 ОПШТИНА БЕРОВО
16.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на

општина Берово на 64-тата седница одржана на 15.07.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи
на територијата на општина Берово за 2025 година

Член 1

За изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи, на кои инвеститори се брачни другари до 35 годишна возраст, Советот на Општина Берово може да ги ослободи од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, доколку ги исполнат следните услови:

- Инвеститори мора да бидат двата брачни другари, од кои најмалку едниот од нив е жител на Општина Берово;
- Најмалку едниот брачен другар да не е постар од 35 години возраст;
- Брачните другари да немаат на територијата на општина Берово друг објект со иста намена, во нивна сопственост;
- Проектот за изградба на објектот да биде со намена А1 – домување во куќи;
- Проектираниот објект да има само една стамбена единица;
- Проектираниот објект да биде максимално 150м2 бруто површина (доколку објектот е поголем од 150м2 бруто површина, обврска на барателите/инвеститорите е да ја доплатат разликата);
- Инвеститорите треба да склучат договор со Општина Берово дека објектот нема да биде предмет на отуѓување во рок од 10 (десет) години од денот на склучување на договорот.

Член 2

За докажување на условите од член 1 на оваа Одлука, брачните другари доставуваат:

- Барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште;
- Извод од матичната книга на венчани;
- Фотокопија од лична карта;
- Доказ од Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ дека лицата не се запишани како носители на право во катастерот на недвижностите за друг објект, со иста намена, на територијата на Општина Берово;
- Доказ за поднесено барање за одобрение за градба преку системот е-Одобрение за градење.

Член 3

Постапката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1 – домување во куќи, ја спроведува Комисија која ја назначува Градоначалникот, од редот на вработените во Општина Берово.

За работата на Комисијата Советот на Општина Берово ќе донесе Правилник.

Комисијата е должна да ги прима и разгледа барањата и за оние кои ги исполнуваат условите од оваа Одлука да му предложи на Советот ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Берово"

Бр.09-2733/1 Совет на Општина Берово
15.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

**********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Правилник
за работата на Комисијата која ги разгледува барањата
за ослободување од плаќање на надоместок за уредување
на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи
на територијата на општина Берово за 2025 година

Се објавува Правилник за работата на Комисијата која ги разгледува барањата за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи на територијата на општина Берово за 2025 година со Бр.09-2734/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 15.07.2025 година.

Бр.08-2778/15 ОПШТИНА БЕРОВО
16.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/2002 и „Службен Весник на РСМ“ бр.202/24) и член 19 став 2 точка 11 од од Статутот на Општина Берово („Службен Гласник на Општина Берово“ бр. 13/2002, 18/2007, 30/2008, 20/2010, 20/2019, 47/2021 и 30/2023), Советот на Општина Берово на 64-тата седница одржана на ден 15.07.2025 година донесе:

**Правилник**
**за работата на Комисијата која ги разгледува барањата**
**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување**
**на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи на територијата на општина Берово за 2025 година**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува работата на Комисијата која ги разгледува барањата за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи на територијата на општина Берово за 2025 година.

**Член 2**

Постапката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1 – домување во куќи, ја спроведува Комисија која ја назначува Градоначалникот, од редот на вработените во Општина Берово.

Комисијата е составена од Претседател и двајца членови и нивни заменици.

**Член 3**

Претседателот на Комисијата:

- Свикува и претседава со седниците на комисијата во рок од 5 (пет) работни дена од поднесено барање за ослободување;
- Учествува во расправата по секое барање кое е поднесено за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи на територијата на општина Берово;
- Потпишува акти кои произлегуваат од работата на Комисијата;
- Се грижи за законито работење на Комисијата .

Во негово отсуство или спреченост, обврските ги завршува заменик претседателот.

**Член 4**

Членот на Комисијата:

-учествува во работата на Комисијата;

- Учествува во расправата по секое барање кое е поднесено за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи на територијата на општина Берово;
- изработува одлуки, решенија, заклучоци;
- се грижи за спроведување на Правилникот за работа ма Комисијата.

**Член 5**

Комисијата е должна да ги прима и разгледа барањата и за оние кои ги исполнуваат условите од оваа Одлука да достави Предлог до Советот на првата наредна седница за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

**Член 6**

За изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи, на кои инвеститори се брачни другари до 35 годишна возраст, Советот на Општина Берово може да ги ослободи од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, доколку ги исполнат следните услови:

- Инвеститори мора да бидат двата брачни другари, од кои најмалку едниот од нив е жител на Општина Берово;
- Најмалку едниот брачен другар да не е постар од 35 години возраст;
- Брачните другари да немаат на територијата на општина Берово друг објект со иста намена, во нивна сопственост;
- Проектот за изградба на објектот да биде со намена А1 – домување во куќи;
- Проектираниот објект да има само една стамбена единица;
- Проектираниот објект да биде максимално 150м2 бруто површина (доколку објектот е поголем од 150м2 бруто површина, обврска на барателите/инвеститорите е да ја доплатат разликата);
- Инвеститорите треба да склучат договор со Општина Берово дека објектот нема да биде предмет на отуѓување во рок од 10 (десет) години од денот на склучување на договорот.

**Член 7**

За докажување на условите од член 1 на оваа Одлука, брачните другари доставуваат:

- Барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште;
- Извод од матичната книга на венчани;
- Фотокопија од лична карта;
- Доказ од Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ дека лицата не се запишани како носители на право во катастерот на недвижностите за друг објект, со иста намена, на територијата на Општина Берово;
- Доказ за поднесено барање за одобрение за градба преку системот е-Одобрение за градење.

**Член 8**

Комисијата работи и одлучува на седница, без присуство на јавноста, врз основа на расположливите писмени докази, почитувајќи ги начелата на професионална етика, непристрасност и објективност.

Седницата ја свикува и со неа раководи Претседателот, односно неговиот заменик, во рок од 5

(пет)работни дена од поднесено барање за ослободување.

Седницата започнува со утврдување на дневниот ред.

За секоја точка од дневниот ред се води расправа.

Комисијата работи во полн состав и одлучува со мнозинство гласови.

Членот на Комисијата кој има издвоено мислење во писмена форма го доставува до Претседателот на Комисијата и истото е составен дел на Записникот од работа на Комисијата.

Комисијата врши увид во барањето и доставените писмени докази и утврдува дали подносителите на барањето ги исполнуваат условите за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

Доколку Комисијата утврди дека барањето е непотполно, бара дополнување на истото во рок од 7 (седум) дена. Барањата кои нема да бидат дополнети се отфрлаат од страна на Комисијата како непотполни.

За Барањата кои ги исполнуваат условите Комисијата доставува предлог до Советот на Општина Берово за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

За Барањата кои не ги исполнуваат условите, Комисијата доставува Предлог до Советот на Општина Берово да бидат одбиени како неосновани.

**Член 9**

За одржаната седница, Комисијата изработува Записник.

Записникот го потпишуваат присутните за седницата и истиот е составен дел на предлогот до Советот на Општина Берово со кој се предлага ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, односно одбивање на барањето како неосновано.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во "Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-2734/1 Совет на Општина Берово
15.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за определување на зони во Општина Берово за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот

Се објавува О Д Л У К А за определување на зони во Општина Берово за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот со Бр.09-2735/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 15.07.2025 година.

Бр.08-2778/16 ОПШТИНА БЕРОВО
16.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл.весник на РСМ” бр.202/24), член 73 и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово (“Сл.гласник на Општина Берово” бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 30/23), а во врска со чл. 12 и 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот донесена од Владата на Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр.54/12, 17/13 и 21/13) Советот на Општина Берово на седницата одржана на 15.07.2025 година, донесува:

**О Д Л У К А**
**за определување на зони во Општина Берово**
**за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот**

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат зони и подзони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Берово, и тоа:

**15 –та Зона:**

**15 –та Зона:** Централно градско подрачје ограничено со:

Ул. “Маршал Тито” од Поштата до спој со ул. “Илинденска”; првиот ред на објекти од десна страна на ул. “Маршал Тито” (т.е. од страна на Музејот на град Берово), до спој со ул. “Белградска”; првиот ред на објекти од левата страна на ул. “Маршал Тито” и ул. “23 Август”, до спој со ул. “Моша Пијаде”; првиот ред на објекти од левата страна на ул. “Моша Пијаде” до раскрсница со ул. “Мирче Ацев”; ул. “Моша Пијаде” до крајот на дворното место на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” и спој со ул. “Маршал Тито”;

Просечната вредност на градежното земјиште се утврдува на **22 евра/м$^2$**.

**15 /1 (прва) Под Зона:** Централно градско подрачје ограничено со:

Ул. “Маршал Тито” спој со ул. “Партизанска”, до спој со ул. “Илинденска”, ул. “Илинденска” до спој со ул. “Страшо Пинџур”, ул. “Страшо Пинџур” до спој со ул. “Дедо Иљо Малешевски”, ул. “Дедо Иљо Малешевски” до спој со ул. “Маршал Тито”, ул. “Маршал Тито” до спој со ул. “Карпош”, ул. “Моша Пијаде” до спој со ул. “11 ти Октомври” до спој со ул. “23-ти Август”, ул. “23-ти Август”до спој со ул. “Задарска”, ул. “Задарска” до спој со ул. “Партизанска” и ул. “Партизанска” до спој со ул. “Маршал Тито”.

Просечната вредност на градежното земјиште се утврдува на **18 евра/м$^2$**.

**16 -та Зона:**

**16-та Зона:** Вон централно градско подрачје ограничено со,

Ул. Даме Груев од спој со ул. Ѓорѓи Димитров, до спој со ул. Маршал Тито; ул. Илинденска од спој со ул.Страшо Пинџур до спој со ул. Дедо Иљо Малешевски; ул. Дедо Иљо Малешевски, до спој со ул. Пионерска; ул. Пионерска до спој со ул. Карпош; ул. Карпош до спој

со ул. Маршал Тито; ул. Маршал Тито до спој со ул. Моша Пијаде; ул. Моша Пијаде до спој со ул. 11-ти Октомври; ул.11-ти Октомври до спој со ул. 23-ти Август; ул. Димитар Влахов од спој со ул. 23-ти Август до ул. Димитрие Туцовиќ; ул. Димитрие Туцовиќ до спој со ул. Ѓуро Ѓаковиќ; ул. Ѓуро Ѓаковиќ до спој со ул. Партизанска; ул. Партизанска до спој со ул. Задарска; ул. Задарска од спој со ул. Партизанска до Ветеринарната амболанта; од Ветеринарната амболанта, по ново-предвидена улица до спој со ул. Неретва, продолжува по ист правец према ул. Маршал Тито, и према раскрсница на ул. Патизанска, ул. Даме Груев и ул. Ѓорѓи Димитров;

Просечната вредност на градежното земјиште се утврдува на **15 евра/м$^2$**.

**16/1 (прва) Под Зона:** Вон централно градско подрачје ограничено со,

Ул. Вељко Влаховиќ од спој со ул. Борис Кидриќ до спој со ул. Задарска, ул. Задарска до спој со Новопредвидена улица кај Ветеринарната станица, по новоптрдвидената улица до спој со ул. Неретва, ул. Неретва до спој со Регионалниот пат Берово-Струмица, Регионалниот пат Берово-Струмица, до спој со ул. Маршал Тито; ул..Индустриска(покрај Ормански поток) покрај градскиот стадион до ул. Даме Груев на влез во објектите на Противпожарното друштво до спој со ул. Енгелсова, ул. Енгелсова према новопредвидена улица прку градски гробишта до спој со ул. 4-ти Јули, ул. 4-ти Јули до спој со ул..29-ти Ноември, ул. 29-ти Ноември до спој со ул. Дедо Иљо Малешевски, ул. Пионерска од спој со ул.Карпиш до спој со ул. Туристичка, ул. Туристичка до спој со ул. Маршал Тито, ул. 15-ти Корпус до спој со ул. Бел камен, ул. Бел камен до спој со ул. Гоце Делчев, ул. Гоце Делчев до спој со ул. Борис Кидриќ, ул. Борис Кидриќ до спој со ул. Вељко Влаховиќ;

Просечната вредност на градежното земјиште се утврдува на **10 евра/м$^2$**.

**16/2 (втора) Под Зона:** Вон централно градско подрачје ограничено со објектите и земјиште, кои се надвор од горе опишаните граници, до опфатот на ГУП и ДУП на градот Берово.

Просечната вредност на градежното земјиште се утврдува на **8 евра/м$^2$**.

**Сите објекти нумерирани на улиците по кои се движат границите на зоните припаѓаат на првонаведените зони во оваа Одлука.**

Во опфатот на **„Урбанистички план вон населено место** за туристичка населба **„БЕРОВСКО ЕЗЕРО“ Берово,** се определува:

**15 –та Зона:** - Централна зона на тур.населба, ограничена со:

Почнувајќи од западна страна, западна граница на парцела КП 10197 и КП 10181 до пресек со Новопредвидена улица 1, Осовината на Новопредвидена улица 1 до спој со Регионалниот пат, Северна граница на КП 9425 до спој со Новопредвидена улица 8, Осовината на Новопредвидена улица 8 према североисток до спој со Новопредвидена улица 9, Осовина на Новопредвидена улица 9 према север до спој со Новопредвидена улица 11, Северна граница на КП 10258 и КП 10269, Северна граница на КП 10266 до спој со Регионален пат и до граница на опфат на планот, Граница на опфат од источна и југоисточна страна до линија на водното огледало на акомулацијата Беровско Езеро, Граница на водно огледало од јужната страна на планот до круната на браната и река Ратевска и Граница на опфат од западна страна до КП 10197.

Просечната вредност на градежното земјиште се утврдува на **10 евра/м$^2$**.

**16 –та Зона:** - Вон Централна зона на тур.населба, ограничена со:

Почнувајќи од западна страна, источната граница на парцелата КП 10113, КП 10116 и КП 10182 до пресек со Новопредвидена улица 1, Осовината на Новопредвидена улица 1 до спој со Регионален пат, Јужната граница на КП 9427 до спој со Новопредвидена улица 8, Осовината на Новопредвидена улица 8 према североисток до спој со Новопредвидена улица 9, Осовина на Новопредвидена улица 9 према север до спој со Новопредвидена улица 11, Јужната граница на КП 9411, КП 10259 и КП 10261, Југозападна граница на КП 10265 до спој со Регионален пат и до граница на опфат на планот, Граница на опфат на планот од северната страна и западната страна на планот до јужната граница на КП 10113.

Просечната вредност на градежното земјиште се утврдува на **8 евра / м$^2$**.

**16/1 (прва Под Зона):** - опфат на **Урбанистички план вон населено место** за туристичка населба **„СУВИ ЛАКИ“.**

Просечната вредност на градежното земјиште се утврдува на **10 евра / м$^2$**.

За неселено место **СМОЈМИРОВО**, просечната вредност на градежното земјиште се утврдува на **7 евра / м$^2$**.

За неселените места **РУСИНОВО, РАТЕВО, ВЛАДИМИРОВО, МАЧЕВО** и **БУДИНАРЦИ**, просечната вредност на градежното земјиште се утврдува на **6 евра / м$^2$**

За неселените места **МИТРАШИНЦИ** и **ДВОРИШТЕ,** просечната вредност на

градежното земјиште се утврдува на **5 евра / м$^2$**

Просечната вредност на градежното земјиште се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето.

Член 2

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за определување на зони во Општина Берово за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот бр. 09-4304/1 од 15.12.2021 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2735/1 Совет на Општина Берово
15.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

*********************




Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за утврдување критериуми на пазарна вредност на ндвижен имот (земјоделско земјиште) која ќе служи како основица за пресметување на данокот на промет на недвижен имот во Општина Берово

Се објавува О Д Л У К А за утврдување критериуми на пазарна вредност на ндвижен имот (земјоделско земјиште) која ќе служи како основица за пресметување на данокот на промет на недвижен имот во Општина Берово со Бр.09-2736/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 15.07.2025 година.

Бр.08-2778/17 ОПШТИНА БЕРОВО
16.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на општина Берово на 64-тата седница одржана на 15.07.2025година донесе:

О Д Л У К А
за утврдување критериуми на пазарна вредност на ндвижен имот (земјоделско земјиште) која ќе служи како основица за пресметување

на данокот на промет на недвижен имот во Општина Берово

Член 1

Цената на земјоделското земјиште по вид и класа за м2 во денари, на територијата на Општина Берово изнесува:

Табела 1

| Р. б | Вид на земјиште | **Земјоделско земјиште по класа во денари по м2** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** |
| 1. | нива | 55 | 46 | 43 | 36 | 34 | 31 | 24 | 19 |
| 2. | ливада | 48 | 43 | 40 | 34 | 31 | 24 | 22 | 19 |
| 3. | Овошна градина | 55 | 48 | 43 | 36 | 31 | 24 | 22 | 19 |
| 4. | Пасишта | 22 | 19 | 15 | 13 | 11 | 10 | 9 | 8 |
| 5. | шума | 61 | 55 | 48 | 43 | 36 | 31 | 24 | 19 |

Табела 2

**За граница на опфат на место викано Абланица К.О Берово**

| Р. б | Вид на земјиште | **Земјоделско земјиште по класа во денари по м2** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** |
| 1. | нива | 100 | 84 | 78 | 66 | 62 | 56 | 44 | 34 |
| 2. | ливада | 88 | 78 | 72 | 62 | 56 | 44 | 40 | 34 |
| 3. | Овошна градина | 100 | 88 | 78 | 66 | 56 | 44 | 40 | 34 |
| 4. | Пасишта | 40 | 34 | 28 | 24 | 20 | 18 | 16 | 14 |
| 5. | шума | 110 | 100 | 88 | 78 | 66 | 56 | 44 | 34 |

Член 2

Вредноста на земјоделското земјиште на подрачјата со специфични развојни потреби, определени со Одлуката за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во РСМ во периодот од 2025 до 2029 година, листа бр.1, („Сл.весник на РСМ“ бр.39/25), се намалува за 20%.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлука за утврдување критериуми на пазарна вредност на недвижен имот (земјоделско земјиште) која ќе служи како основица за пресметување на данокот на промет на недвижен имот во Општина Берово со бр.07-2239/1 од 29.09.2011 година од Советот на Општина Берово и Одлуказа дополнување на Одлуката за утврдување критериуми на пазарна вредност на ндвижен имот (земјоделско земјиште) која ќе послужи како основица за пресметување на данок на промет на недвижен имот во Општина Берово со бр.07-414/1 од 27.02.2013 година од Советот на Општина Берово .

Член 4

Оваа одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Берово„ .

Бр.09-2736/1 Совет на Општина Берово
15.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

***********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Измена и дополнување на

П Р О Г Р А М А
за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година

Се објавува Измена и дополнување на П Р О Г Р А М А за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година со Бр.09-2737/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 15.07.2025 година.

Бр.08-2778/18 ОПШТИНА БЕРОВО
16.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 14 став 4 и член 15 став 3 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25) и член 19 став 2 точка 12 од Статутот на Општина Берово („Сл.Гласник на Општина Берово бр.13/2, 18/07,30/08, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 64-тата Седница на Совет одржана на 15.07.2025 год. донесе:

**Измена и дополнување на**
**П Р О Г Р А М А**
**за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година**

Член 1

Се врши измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година, со бр. 09-4171/1 од 18.12.2024 година и измена на истата бр.09-515/1, од 10.02.2025 год. и 09-1647/1 од 29.04.2025 год, донесени од Советот на Општина Берово.

Член 2

Подточка 1.1 **„Изградба и доизгрдба на улици, сумата од 12.590.593,00 денари се менува и гласи 12.340.593,00 денари. Во истата подточка во алинеа 3 Ул„8 ми Март сумата од 1.500.000,00 денари се менува и гласи 1.250.000,00 денари.**

Член 3

Подточка 1.2 **Реконструкција и рехабилитација на улици, сумата од 18.843.461,00 денари се менува и гласи 19.093.461,00 денари. Во истата подточка во алинеа 1 Дел од ул„Јане Сандански „ с .Русиново сумата од 3.500.000,00 денари се менува и гласи 3.750.000,00 денари.**

Член 4

Подточка 1.14 **„Набавка и вградување на решеткаста инсталација за атмосферска вода на ул. Први Мај – Берово"** со сума од **„100.000,оо денари." се менува и гласи „Одведување на атмосферски води од улица „Први Мај" – Берово со сума од „1.000.000,оо денари" .**

Член 5

После подточка 1.14 се додава нова подточка 1.15 која гласи : **„ Оградување и партерно уредување на дел од локален пат „Берово - Абланица преку Црвен Брег " со сума од „600.000,оо денари."**

Член 6

Сумата во ставката **СЕ ВКУПНО „45.955.306 ден."** се менува и гласи **„47.455.306 " денари.**

Член 7

Во делот ПРИХОДИ, во точка **1. а) Сопствено учество** - сумата **„26.867.327 денари."** се менува и гласи **„28.367.327 денари."**

Член 8

Останатите одредби од Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година и измена на истата бр.09-515/1, од 10.02.2025 год. и 09-1647/1 од 29.04.2025 год донесени од Советот на Општина Берово остануваат исти.

Член 9

Овие измени и дополнувања влегуваат во сила со денот на донесувањето и ќе се објават во „Службен Гласник на Општина Берово„ .

Бр.09-2737/1 Совет на Општина Берово
15.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

**********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Измена и дополнувања на
П Р О Г Р А М А
за КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ на Општина
Берово за 2025 година

Се објавува Измена и дополнувања на П Р О Г Р А М А за КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ на Општина Берово за 2025 годинасо Бр.09-2738/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 15.07.2025 година.

Бр.08-2778/19 ОПШТИНА БЕРОВО
16.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и “Службен Весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 64-тата Седница на Совет одржана на 15.07.2025 год. донесе:

Измена и дополнувања на
П Р О Г Р А М А
За КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ на Општина
Берово за 2025 година

Член 1

Се врши измена и дополнување на програмата За КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ на Општина Берово за 2025 година, со бр. 09-4170/1 од 18.12.2024 год. донесена од Советот на Општина Берово и измени на истата бр.09-516/1 од 10.02.2025 год и бр.09-797/1 од 28.02.2025 и Измена и дополнувања бр.09-1652/1 од 29.04.2025 год.

Член 2

Во точка ЈИО **Одведување на отпадни води** сумата од „**21.046.036,оо ден** “ се менува и гласи **„19.992.396“** . Во истата точка алинеа 4 **„Изградба на крак на канализациона мрежа во ТН „Беровско Езеро“ и сумата од „2.000.000,оо се брише“.** Наместо неа во алинеа 4 се става **„Доградба на фекална канализација во Ромско Маало втор крак од ул.„23 Август“ – Берово со сума од 946.360,оо ден.“**

Член 3

Во делот ИЗВОРНИ ПРИХОДИ во дел II Средства од повисоко ниво на власт , сумата од **„26.026.482,оо ден “** се менува и гласи **„24.972.842,оо ден.“** Во истиот дел после алинеа 1 , се додава алинеа 2 која гласи **„Средства од Министерството за**

**транспорт и врски за Декада и Стратегија на Ромите“ со сума од 946.360,оо ден. “**

Член 4

Сумата во ставката ВКУПНО **„46.687.039,оо ден. “** се менува и гласи **„45.633.399,оо ден “**

Член 5

Останатите одредби од на програмата За КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ на Општина Берово за 2025година и измените на истата, донесени од Советот на Општина Берово остануваат исти.

Член 6

Овие измени и дополнувања влегуваат во сила со денот на донесувањето и ќе се објават во „Службен Гласник на Општина Берово„ .

Бр.09-2738/1 Совет на Општина Берово
15.07.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

**********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за определување на висината на наплата на комунална такса за користење
на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места
со цел изложување на предмети,
приредување изложби и забавни приредби
за вршење на дејност

Се објавува О Д Л У К А за определување на висината на наплата на комунална такса за користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места
со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби
за вршење на дејност со Бр.09-2739/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 15.07.2025 година.

Бр.08-2778/20 ОПШТИНА БЕРОВО
16.07.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

